Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
бул. „Гоце Делчев“ бр. 9а, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 25-137/4
24-02-2021
Скопје

# З А П И С Н И К

за поништување на резултатите од гласањето
за избор на членови од прв циклус студии и претседател на Факултетското студентско собрание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје
одржано на 24.2.2021 год.

Врз основа на Одлуките бр. 25-1553/1 од 11.11.2020, бр. 25-1553/4 од 3.2.2021, 25-137/1 од 25.1.2021 и бр. 25-137/2 од 25.1.2021 година, на 24 февруари 2021 година, се спроведе гласање за избор на членови и на претседател на Факултетското студентско собрание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“– Скопје.

Постапката за начинот на гласање и линкот за гласање беа објавени на веб-страницата на Факултетот, а на студентите им беше пратено и електронско известување за тоа на нивните е-адреси со кои се регистрирани во iKnow.

Гласањето се одвиваше електронски и започна во 11:00 часот, а заврши во 14:00 часот. При гласањето, гласачите се регистрираа во системот со нивната е-адреса (со која се евидентирани во iKnow) и со бројот на индекс, по што добиваа пристап за гласање преку кликање на двете гласачки полиња (копчиња), едно за избор за членови од нивната студиска година и едно за избор на претседател на Факултетското студентско собрание. Нивното учество во гласањето се утврдуваше преку идентификација со е-адреса и број на индекс, а гласаа со бележење на квадратчето пред името на кандидатот/ кандидатите во избирачките списоци и потврдување на гласањето.

На формата за гласање автоматски се генерираа податоците за студентот кој гласа (име, презиме и студиска година) и двете полиња (копчиња) за гласање, од кои со кликање на едното копче студентот добиваше пристап за гласање за претседател, а со кликање на другото за гласање за членови на ФСС од соодветната студиска година.

По реакција на студентите, Комисијата констатира проблем со генерираните податоци за припадноста по студиски години на дел од

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
бул. „Гоце Делчев“ бр. 9а, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

студентите. По проверка во системот, Комисијата одлучи да ги поништи резултатите од гласањето одржано на 24.2.2021 и да закаже ново гласање на 26.2.2021 година (петок) со почеток од 10:00 часот до 13:00 часот.

Членови на изборна комисија:

м-р Бранка Гривчевска

м-р Ивана Дуцкиновска

Дијана Митрова, студент

Андреа Делипапаз, студент

Дарко Митевски, студент